**МАКЕДОНСКА БЕРЗА**
**НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**АД СКОПЈЕ**

# ПРАВИЛА ЗА ЧЛЕНСТВО

| Датум на усвојување од Одборот на директори на Македонската берза | Датум на прием на согласност од Комисијата за хартии од вредност | Датум на почеток на примена |
|---|---|---|
| 07.10.2006<br>15.05.2008 | 12.02.2007<br>19.06.2008 | 15.03.2007<br>14.07.2008 |

**Скопје, Јули 2008 година**

Врз основа на член 79 од Законот за хартии од вредност (Сл. Весник на Република Македонија бр.95/2005 ), Статутот на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, Одлуката бр.02-1902/1 за усвојување на Правилата за членство на Македонската берза АД Скопје, Одлуката за имплементација на забелешките од Комисијата за хартии од вредност согласно Решението бр.08-375/1 од 25.01.2007 година во текстот на Правилата за членство на Македонската берза АД Скопје, Одлуката бр.02-1364/1 за измени и дополнувања на Правилата за членство од 15.05.2008 година, Одлуката бр.02-1937/2 за имплементација на забелешките на Комисијата за хартии од вредност согласно Решението бр.08-2028/2 од 09.06.2008 година во текстот на Правилата за членство, на ден 14.07.2008 година се утврдува пречистен текст на:

# ПРАВИЛА ЗА ЧЛЕНСТВО НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување на овие Правила

**Член 1**

1) Со овие правила се регулираат условите, начинот и постапката за прием во членство во Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, правата и обврските на членка на Берзата, престанокот на членство во Берзата, како и работата на овластените брокери и брокерите со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членките на Берзата.
2) Со стекнување на членство на Берзата, членот на Берзата неотповикливо се согласува на примена и почитување на Статутот, овие правила и другите акти на Берзата, како и сите нивни измени и дополнувања.

### Дефиниции

**Член 2**

1) Одделни изрази употребени во овие Правила го имаат следново значење:

- "Берза" означува Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје;

- "Членка" подразбира брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа, регистрирана во трговскиот регистар како правно лице кое има

добиено важечка дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност и е примена во членство на Берзата;

- "Овластен брокер" означува лице со важечка дозвола за работење на брокер издадена од Комисијата за хартии од вредност;

- „Брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот" е овластен брокер кој има дозвола од Берзата за пристап до берзанскиот електронски систем за тргување и за користење на овој систем за активно тргување, вработен во членка на Берзата согласно Законот за работни односи;

- "Берзански електронски систем за тргување" или "БЕСТ систем" подразбира информационен систем, кој со помош на соодветна компјутерска поддршка, овозможува внес, промени, задржување и повлекување на налозите за тргување, автоматско усогласување на налозите за тргување и склучување на берзански трансакции, надзор врз налозите за тргување и склучените берзански трансакции, како и преглед на информации за тргувањето и котираните односно регистрираните хартии од вредност;

- "Акти на Берзата" се: Статут, Правила за членство, Правила за тргување, Правила за котација, Правила за однесување и дисциплина, Правила за арбитража, Тарифник на Берзата, како и сите други одлуки и акти донесени врз основа на наведените акти;

- "Прописи од областа на хартии од вредност" означуваат Законот за хартии од вредност, другите закони што го регулираат работењето со хартии од вредност и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

(2) За целите на овие правила, освен ако поинаку не е дефинирано, сите други термини го имаат истото значење како во Законот за хартии од вредност и другите акти на Берзата.

## 2. ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО

### Услови за прием во членство
### Член 3

(1) Услови за прием на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност во членство на Берзата се следните:

- да е регистриран во трговскиот регистар како брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа;
- да има добиено дозвола за работење со хартии од вредност од Комисијата за хартии од вредност;

- актите на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност да се усогласени со законските прописи и актите на Берзата;
- да биде соодветно организационо и технички опремен, особено од аспект на приклучување на членката во БЕСТ системот;
- да биде членка на овластен депозитар за хартии од вредност;
- да има најмалку две лица во редовен работен однос кои поседуваат дозвола за работење на брокер или дозвола за работење на инвестиционен советник издадена од Комисијата;
- органот на управување на овластениот учесник со одлука да ги прифати Статутот, овие правила и актите на Берзата и да се обврзе на нивно спроведување и почитување;
- да располага со соодветна основна главнина и ликвидни средства, во согласност со Законот, како и да има соодветен коефициент на изложеност пропишан од страна на Комисијата за хартии од вредност (доколку овластениот учесник работел повеќе од една година пред денот на поднесување на барањето за прием во членство);
- да исполнува други критериуми пропишани од Комисијата за хартии од вредност;
- да исполнува други критериуми пропишани од Берзата со актите на Берзата.

(2) Берзата е должна на секој овластен учесник на пазарот на хартии од вредност кој е регистриран во трговскиот регистар и кој ги исполнува условите од став 1 на овој член и одредбите на овие правила да му дозволи да стане членка на Берзата.

**Начин на прием во членство во Берзата**
**Член 4**

1) Статус на членка на Берзата се стекнува со прием во членство на Берзата.
2) Одлука за прием на овластениот учесник во членство на Берзата носи Одборот на директори на Берзата.
3) Членка на Берзата не може да го пренесе својот статус на членка на Берзата на друго лице.
4) По исклучок од став 3 на овој член, во случај на статусни промени на членка на Берзата новосоздадениот овластен учесник станува членка на Берзата.

**Постапка на прием во членство во Берзата**
**Член 5**

1) Овластениот учесник кој има намера да стане членка на Берзата поднесува писмено барање до Берзата за прием во членство, во форма и содржина наведени во Прилогот број 1 кој е составен дел на овие правила.

2) Кон барањето од став 1 на овој член, овластениот учесник кој има намера да стане членка на Берзата ја поднесува најмалку следната документација со која се докажува дека истиот ги исполнува условите за членство во Берзата:

- нотарски заверена копија од Статутот на овластениот учесник;
- решение за упис на правното лице во трговскиот регистар, и сите измени упишани во трговскиот регистар;
- копија од дозволата за работа издадена на овластениот учесник од Комисијата за хартии од вредност;
- потврда од овластен депозитар за хартии од вредност дека овластениот учесник е членка на истиот;
- копија од согласноста за именување директор на брокерска куќа/дирекција за работа со хартии од вредност на банка од Комисијата за хартии од вредност;
- доказ дека овластениот учесник има вработено најмалку двајца овластени брокери во редовен работен однос;
- спецификација на вработените по работни места (во случај на овластена банка, спецификација на вработените по работни места во делот каде што се работи со хартии од вредност);
- спецификација на компјутерска и техничка опрема што ќе се користи во работењето со хартии од вредност;
- податоци за лицето одговорно за следење и почитување на законите и другите правни прописи, правилата на Берзата и актите на овластениот учесник;
- оригинал на одлуката на органот на управување на овластениот учесник дека истиот е запознаен со Статутот на Берзата, со овие правила и актите на Берзата, дека ги прифаќа и дека истите ќе ги спроведува и почитува;
- финансиски извештаи за последната деловна година, доколку овластениот учесник работел повеќе од една година пред денот на поднесување на барањето за прием во членство;
- податоци за ликвидните средства и за коефициент на изложеност на овластениот учесник, доколку овластениот учесник работел повеќе од една година пред денот на поднесување на барањето за прием во членство.

3) Странска брокерска куќа, која има намера преку своја подружница да стане членка на Берзата, покрај условите утврдени во став 2 од овој член, треба да достави и:

- Оригинал и превод на оригиналот на дозволата за вршење услуги со хартии со вредност од матичната држава и доказ за упис во трговскиот регистар или во друг регистар во согласност со законите на матичната држава;
- Оригинал и превод на оригиналот од документот со кој регулаторот на пазарот на хартии од вредност во матичната држава одобрува основање подружница на брокерската куќа во Република Македонија;
- Ревидирани финансиски извештаи од последните три години.

4) Барањето за прием во членство го разгледува стручната служба на Берзата при што особено се прегледува целосноста на барањето и усогласеноста на доставените

акти на овластениот учесник со законските прописи и актите на Берзата. Стручната служба на Берзата изготвува извештај за поднесеното барање, со предлог мислење.

5) Доколку поднесеното барање е некомплетно или од приложената документација не може да се констатира усогласеност на актите на овластениот учесник со законските прописи и актите на Берзата, Берзата ќе побара од овластениот учесник да го дополни поднесеното барање во рок од 30 дена од денот на неговото поднесување. Во истиот рок, Берзата има право да побара и друга дополнителна документација од овластениот учесник што е потребна за добивање целосно мислење по поднесеното барање, со која се докажува дека овластениот учесник кој има намера да стане членка на Берзата ги исполнува условите за членство.

6) Овластениот учесник кој има намера да стане членка на Берзата е должен да го дополни поднесеното барање согласно ставот 5 од овој член во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од Берзата.

7) Врз основа на поднесеното барање од овластениот учесник, приложената документација и извештај за поднесеното барање од стручната служба на Берзата, Одборот на директори на Берзата одлучува за прифаќање или одбивање на истото, односно за прием на овластениот учесник во членство на Берзата или за одбивање на барањето за прием во членство, во рок од 45 дена од денот на приемот на барањето, а во случаите од став 5 и став 8 на овој член, во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетираното барање.

8) Доколку Одборот утврди дека доставената документација е нецелосна за да истиот се произнесе по барањето на овластениот учесник за членство во Берзата, Одборот има право да побара дополнување на документацијата. Овластениот учесник е должен да ја дополни поднесената документација во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од Одборот.

9) Доколку Одборот утврди дека овластениот учесник ги исполнува условите за членство, донесува одлука за негов прием во членство на Берзата. Одлуката на Одборот за прием во членство се доставува до овластениот учесник кој бара прием во членство на Берзата, Комисијата за хартии од вредност и се информираат сите членки на Берзата и јавноста, во рок од 3 работни дена од денот на донесувањето на одлуката.

10) Доколку Одборот утврди дека овластениот учесник не ги исполнува условите за членство, со одлука го одбива барањето за членство, при што дава образложение наведувајќи ги причините поради кои не се одобрува членството.

11) Берзата ја известува Комисијата за хартии од вредност за одбивање на барање за членство.

12) Овластениот учесник од став 10) чие барање за членство е одбиено има право на жалба до Комисијата за хартии од вредност, преку Берзата, во рок од 15 календарски дена од денот на приемот на одлуката на Одборот.

**Почеток на користење на правата од членство**
**Член 6**

1) Членката на Берзата е должна веднаш по приемот во членство да ги преземе сите потребни дејствија со цел да започне да ги остварува правата од членство, и тоа:
- да ги уплати на Берзата потребните надоместоци утврдени со Тарифникот на Берзата;
- да обезбеди комуникациско поврзување со БЕСТ системот;
- најмалку двајца нејзини вработени-овластени брокери да се стекнат со статусот брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот.

2) Веднаш по извршувањето на сите дејствија наведени во став 1 на овој член, Главниот извршен директор на Берзата определува датум од кога членката ќе отпочне да ги користи правата од членство во Берзата, определува шифра на членката и дава инструкција за овозможување активен пристап на членката во БЕСТ системот, најдоцна во рок од 3 работни дена од денот на извршувањето на сите дејства од став 1 на овој член.

3) Доколку членката на Берзата не ги изврши сите потребни дејствија наведени во став 1 на овој член во рок од 30 дена од денот на приемот во членство, Одборот на директори на Берзата има право да ја повлече одлуката за прием во членство.

**Брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот**
**Член 7**

(1) Пристап на членките на Берзата до БЕСТ системот заради тргување со хартии од вредност можат да имаат само брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членката.

(2) Овластениот брокер се стекнува со статусот брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членката доколку бидат исполнети следните услови:
- членката да достави доказ дека лицето има важечка дозвола за брокер издадена од Комисијата за хартии од вредност;
- лицето да положи или да има положено посебен стручен испит организиран од Берзата;
- членката на Берзата да достави изјава до Берзата дека сите трансакции реализирани од тоа лице во име на членката ќе ги смета за трансакции реализирани од членката, и дека членката соодветно ќе одговара за тоа;

- членката на Берзата да достави доказ дека лицето има регулиран работен однос кај членката согласно Законот за работни односи;

- лицето да достави изјава до Берзата дека е запознаен со актите на Берзата, дека ги прифаќа и ќе ги почитува истите.

3) Овластен брокер не може да се стекне со статус брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членка доколку против него има важечка одлука со која истиот е исклучен од тргувањето поради повреда на актите на Берзата и/или интерните акти на членката.

4) Посебниот стручен испит од став 1 алинеа 2 на овој член се состои од два дела: 1) проверка на познавањето на правилата за тргување на Берзата и 2) проверка на познавањето на карактеристиките на берзанскиот електронски систем за тргување со цел негово користење.

5) Посебниот стручен испит го спроведува посебна комисија формирана од Главниот извршен директор на Берзата и истиот се изведува писмено, а се организира по потреба.

6) Посебниот стручен испит се смета за положен доколу кандидатот точно одговори на најмалку 60% од поставените прашања на двата испитни дела поединечно.

7) За полагање на посебниот стручен испит се наплатува надомест утврден со Тарифникот на Берзата.

8) По исполнувањето, односно проверката на условите наведени во став 2 и став 3 на овој член, Берзата на овластениот брокер му доделува корисничко име и лозинка, со што му дава овластување за пристап и користење на БЕСТ системот, односно право да настапува како брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот.

9) Брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот е должен да ги чува корисничкото име и лозинка како деловна тајна.

10) Доколку брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот не го користел правото на пристап на БЕСТ системот една година непрекинато, задолжително повторно го полага испитот од став 4 на овој член пред повторно да отпочне да го користи тоа право.

11) Со одлука на Главниот извршен директор, Берзата ќе го суспендира или укине правото на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членка на Берзата за пристап до БЕСТ системот доколку:

- Берзата добие известување од членката или самостојно констатира дека брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот нема регулиран работен однос согласно Законот за работни односи во членката на Берзата која го пријавила;

- истече важноста на неговата дозвола за брокер издадена од Комисијата за хартии од вредност и истата не биде обновена во законски рок, или истата му биде одземена од Комисијата за хартии од вредност;

- брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот биде времено или трајно исклучен од тргувањето поради повреда на актите на Берзата;

-членката на Берзата поднесе барање за укинување на правото на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот да настапува во име на членката во тргувањето со хартии од вредност на Берзата.

**Експозитури на членка на Берзата**
**Член 8**

(1) Членката на Берзата е должна да ја информира Берзата за отворање или затворање на експозитура/и на членката, за работите што ќе се вршат во експозитурата, за вработените овластени брокери и брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во експозитура на членката и за секоја промена на овластените брокери и брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во експозитурата на членката. Членката е должна да ја информира Берзата за секоја промена на статусот, овластувањата и работите што ќе се вршат во експозитурата на членката на Берзата и да достави одлука на надлежен орган во која ќе бидат наведени работите што ќе се вршат во експозитурата.
(2) На експозитура на членка на Берзата каде што се вршат само технички и помошни работи не и се овозможува приклучување во БЕСТ системот.
(3) Под технички и помошни работи што се вршат во експозитурите на членка на Берзата се подразбира само примање на налози, информирање на клиентите за купување или продавање на хартии од вредност кое не претставува инвестиционо советување и други помошни и технички работи што не претставуваат вршење на услуги со хартии од вредност од член 94 на Законот за хартии од вредност.
(4) Берзата ќе овозможи приклучување на експозитура на членка во БЕСТ системот единствено доколку истата ги исполнува следните услови:

- членката да достави барање до Берзата за приклучување на нејзината експозитура во БЕСТ системот;
- членката да достави до Берзата доказ дека за отворањето на експозитурата е известена Комисијата за хартии од вредност;
- експозитурата да биде соодветно организационо и технички опремена, особено од аспект на нејзиното приклучување во БЕСТ системот;
- да биде обезбедено комуникациско поврзување на експозитурата на членката со БЕСТ системот;
- да има интегрирана книга на налози на експозитурата со седиштето на членката;
- да има најмалку еден брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во редовен работен однос кој ќе работи во експозитурата на членката;
- членката да ги уплати на Берзата потребните надоместоци утврдени со Тарифникот на Берзата;

(5) Приклучувањето на експозитурата на членка во БЕСТ системот се врши со одлука на Главниот извршен директор, во рок од 3 работни дена од денот на исполнувањето на сите услови наведени во став 2 на овој член.

**Регистар на членки и регистар на брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот**
**Член 9**

(1) Берзата води Регистар на членките, во кој се запишуваат следните податоци и сите нивни измени и дополнувања:

- назив на членката;
- шифра на членка;
- седиште на членката;
- датум на прием во членство;
- датум на почеток на тргување на Берзата;
- директор на членката;
- лицето одговорно за следење и почитување на законите и другите правни прописи, правилата на Берзата и актите на овластениот учесник;
- овластени брокери вработени во членката и сите измени во бројот на овластени брокери вработени кај членката;
- брокерите со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот на членката и сите измени на нивното право да настапуваат во име на членката;
- вкупен број на вработени во членката, со спецификација на вработените по -работни места;
- информации за суспензија или исклучување од тргувањето на Берзата;
- евиденција на изречени санкции;
- основната главнина на членката;
- експозитури на членката;
- датум на престанок на членството во Берзата;
- други податоци по оценка на Берзата.

(2) Берзата води Регистар на брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, во кој се запишуваат следните податоци и сите нивни измени и дополнувања:

- име и презиме и ЕМБГ на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот;
- шифра на брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот - корисничко име;
- датум на стекнување на правото да настапува како брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот;
- датум кога брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот отпочнал да го користи правото да настапува како брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот;
- датум на стекнување, обновување и истекување на дозволата за работење на брокер;
- членка за која настапува брокерот со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во тргувањето со хартии од вредност на Берзата;
- евиденција на изречени санкции;
- сите измени на неговото право да настапува како брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, вклучувајќи и губење на правото да настапува како брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот.

(3) Во Регистарот на членки Берзата ги води и податоците за членките кои се трајно исклучени од членство, ликвидирани и сл.

(4) Во Регистарот на брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, Берзата ги води податоците за сите брокери со дозвола од Берзата за пристап до

БЕСТ системот на кои им има издадено корисничко име, без разлика дали истите се активни или не.

## 3. КОНТИНУИРАНИ УСЛОВИ ЗА ЧЛЕНСТВО НА БЕРЗАТА

### Член 10

(1) Членка на Берзата треба континуирано да ги исполнува следните услови:

- да има дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата за хартии од вредност;
- да ги усогласува своите акти со законските прописи и актите на Берзата;
- да одржува соодветно ниво на организациона и техничка опременост, особено од аспект на непречено приклучување на членката во БЕСТ системот;
- да биде членка на овластен депозитар за хартии од вредност;
- во секое време да има вработено најмалку двајца брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот во редовен работен однос;
- во секое време да располага со соодветна основна главнина и ликвидни средства, во согласност со закон, како и да има соодветен коефициент на изложеност пропишан од страна на Комисијата за хартии од вредност;
- да го одржува својот интегритет;
- во случај на членка-брокерска куќа, да не се занимава со ниедна друга дејност освен со тргување со хартии од вредност и други активности сврзани со тргувањето со хартии од вредност;
- да има воспоставено и да одржува интерни системи и механизми за ефикасно, правилно и одговорно работење, особено во поглед на актите со кои се уредува работењето со клиенти, чувањето на деловна тајна, начинот на спречување на злоупотреба на информации кои не се достапни на јавноста, контролни процедури за работењето и др.;
- да ги исполнува сите барања за членство што може повремено да ги постави Берзата;
- редовно да ги подмирува обврските од надоместоците утврдени во Тарифникот за висината на надоместоците на Берзата.

(2) Неисполнувањето на било кој од условите наведени во став 1 на овој член предизвикува привремено или трајно губење на статусот членка на Берзата.

(3) Доколку членка на Берзата стане неликвидна или значајно ѝ се наруши финансиската состојба или се случи настан во нејзиното работење што ја доведува во прашање сигурноста на другите членки на Берзата и/или самата Берза, Одборот на директори може, по скратена постапка, без спроведување на дисциплинска постапка, да изрече привремена забрана за вршење на дел или сите активности на

членката на Берзата кои се поврзани со работењето со хартии од вредност, вклучувајќи и суспендирање од тргување или друг начин на користење на капацитетите на Берзата или привремено да ја исклучи членката од членство во Берзата.

## 4. ПРАВА НА ЧЛЕНКИТЕ НА БЕРЗАТА

### Член 11

Членка на Берзата ги има следните права од нејзиното членство во Берзата:

1. во своето работење да истакнува дека е членка на Берзата;
2. еднаков третман со сите други членки на Берзата;
3. да го користи БЕСТ системот и да учествува во тргувањето;
4. преку своите брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот да склучува берзански трансакции, доколку условите на пазарот тоа го дозволуваат;
5. да има пристап до сите информации што ги објавува Берзата релевантни за тргувањето со хартии од вредност во согласност со актите на Берзата;
6. навремено и целосно да биде информирана за донесување и/или изменување на на акти на Берзата релевантни за тргувањето со хартии од вредност на Берзата и/или за членството во Берзата;
7. други права утврдени со актите на Берзата.

## 5. ОБВРСКИ НА ЧЛЕНКИТЕ НА БЕРЗАТА

### Општи обврски и одговорности на членка на Берзата
### Член 12

Членката на Берзата ги има следните општи обврски и одговорности:

1. да се придржува на одредбите на Законот за хартии од вредност и другите законски и подзаконски прописи кои го регулираат работењето со хартии од вредност, совесно да ги врши берзанските работи, согласно правилата и начелата на Берзата и да обезбеди вработените лица во членката да не нудат или даваат, бараат или прифаќаат било каква активност што би значела повреда на законските прописи, актите на Берзата и интерните процедури на членката;
2. да се придржува кон актите и инструкциите на Берзата;
3. кога тргува во свое име и за сметка на клиент, членката во меѓусебните односи со другите членки на Берзата има статус на принципал, т.е. како да тргува во

свое име и за своја сметка, и е одговорна за трансакциите склучени за своите клиенти по сите основи;

4. членката е одговорна за сите дејства извршени од нејзините директори и вработени во име на членката, вклучувајќи и потпишани договори од наведените лица во име на членката;
5. членката одговара за сите трансакции склучени во нејзино име од страна на брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот или вработен, и за извршување на тие трансакции, во согласност со актите на Берзата;
6. на барање на Берзата да доставува податоци, информации, извештаи и документи кои се поврзани со прием на налози, склучени трансакции на Берзата и/или податоци важни за заштита на јавниот интерес и интересот на инвеститорите;
7. на своите клиенти мора да им обезбеди навремено и најдобро извршување на налозите на тргување во согласност со постапките пропишани во правилата за тргување. Кога членката ќе прими налог од клиентот или ќе донесе одлука врз основа на своето овластување да даде или да договори налог за клиентот, членката мора тоа да го стори што е можно поефикасно во дадените околности. Членката треба со налозите од клиентот и со своите налози да работи фер и соодветно и да обезбеди клиентот секогаш да има приоритет пред налозите на членката, во согласност со правилата за тргување на Берзата;
8. да обезбеди нејзините вработени и/или застапници да се квалификувани и соодветно да настапуваат во нејзино име и да обезбеди услови за да го спроведува и контролира работењето на своите вработени со високи стандарди на деловно однесување;
9. до Берзата да достави податоци за лицето одговорно за следење и почитување на законите и другите правни прописи, правилата на саморегулирачките организации и актите на членката;
10. да доставува до Берзата годишни финансиски извештаи за своето работење, заедно со извештај од овластен ревизор, во рок од 15 дена од нивното усвојување; Во случај на членка-банка, да доставува и изведен биланс на приходи и расходи на организационата или деловната единица на Банката што се занимава со вршење услуги со хартии од вредност;
11. да се грижи за угледот на Берзата при јавното настапување;
12. да потпише арбитражна спогодба со која се регулира решавањето на спорови согласно правилата за арбитража на Берзата,
13. да не ги злоупотребува необјавените информации и да се придржува на обврските за чување на деловната тајна;
14. членката не смее да дава препорака за тргување, ниту да тргува или да организира трансакции со единствена цел да добие поголема провизија што не соодветствува со портфолиото на клиентот;
15. членката е должна да уреди постапка со која ќе се обезбеди:

    (а) начинот на доставување на жалби од клиентите што се однесуваат на почитувањето на правилата на Берзата;

    (б) начинот на проверување на наводите изнесени во жалбата; и

    (в) начин на донесување на одлука по жалбата и на клиентот да му се овозможи право на приговор до Берзата.

16. соодветно да го објави времето за работа со клиенти и времето во кое се тргува на Берзата.
17. членката е должна во сите простории каде што работи со клиенти да овозможи увид во општите услови за работење на членката и во тарифникот на услугите со хартиите од вредност.

**Обврски за задолжителни известувања до Берзата**
**Член 13**

1. Членката на Берзата е должна да достави известување до Берзата во случај на:
   - промена и/или престанок на работен однос на директор, овластен брокер, брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот и/или лицето одговорно за следење и почитување на законските и другите правни прописи и актите на Берзата;
   - измена на Статутот на друштвото;
   - промена на назив и/или седиштето на членота;
   - податоци за отварањето, затворањето на експозитури на членката и за промени во работите што се вршат во експозитурата;
   - упис на промени во трговскиот регистар;
   - донесување одлука за промена на основната главнина,
   - значајни судски и арбитражни спорови што произлегуваат од тргување со хартии од вредност или спорови од кои може да произлезе значајно пореметување на тековното работење на членката;
   - покренување постапка од надлежен орган против членката,
   - ограничување или одземање на согласноста за тргување со хартии од вредност од Комисијата за хартии од вредност или Народна банка на Република Македонија;
   - ограничување или одземање на дозволата за работа од Комисијата за хартии од вредност на вработен во членката на Берзата;
   - други облици на привремено или трајно престанување на работа на членката;
   - изречени санкции за вработените кои произлегуваат од нивните интерни акти согласно член 7, став 3 од овие Правила;
   - покренување постапка на ликвидација или стечај.

2) Известувањата од став 1 на овој член, членките на Берзата се должни да ги достават најдоцна во рок од 7 дена од денот на настанатите дејствија и промени.

**Обврски во врска со паричните средства од клиентите**

**Член 14**

1) Членката е должна да ги чува на посебна сметка сите парични средства на клиентот дадени на членката за купување на хартии од вредност или парични средства добиени од продажба на хартии од вредност на клиентот.

2) Паричните средства на посебната сметка можат да се употребуваат само во согласност со валидни инструкции на клиентот.
3) Членката ги уплаќа паричните средства добиени од продажба на хартии од вредност исклучително во име и за сметка на клиентот во рок од еден работен ден по приемот на паричните средства добиени од продажба на хартии од вредност.

4) Членката ги контролира или одговара за средствата на клиентот, односно должна е да обезбеди соодветна заштита на средствата по пат на одделување и идентификување на тие средства, или на друг начин, во сообразност со одговорноста што ја презела;

5) Членката особено се грижи:

(а) да не се мешаат парични средства на клиентот со други парични средства;
(б) во секое време да знае колкав износ на парични средства клиентот има на своја сметка;
(в) парични средства на еден клиент да не се користат за сметка на друг клиент.

6) Од паричните средства на клиентот, членката не смее да врши плаќања поврзани со склучени трансакции со хартии од вредност во свое име и за своја сметка, како и било какви други плаќања во свое име и за своја сметка.

7) Членката може да повлече парични средства од сметката на клиентот само доколку:

(а) има писмено овластување за исплата на/во име на клиентот;
(б) има писмено овластување за исплата на долг настанат од тргување, вклучувајќи провизии и надомести, што клиентот му ги должи на членот; или
(в) има писмено овластување за префрлање на паричните средства на друга сметка на клиентот;
(г) во случај на уплата на пари на сметка на клиентот по грешка на брокерот.

8) Членката може да повлече парични средства од сметка на клиентот заради наплата на своите надоместоци или провизии, само доколку тоа е уредено во договорот со клиентот.

**Обврски во врска со финансиското работење на членката**

**Член 15**

1) Членката е должна навремено да ги исполнува пристигнатите финансиски обврски и постојано да ја одржува способноста за исполнување на своите обврски.

2) Доколку членката не располага со соодветна основна главнина и ликвидни средства, во износ и структура соодветна на обемот и видот на услугите и ризиците на кои е изложена при вршењето на услугите со цел навремено да ги намири доспеаните обврски по основа на реализирани трансакции, пропишани од страна на Комисијата за хартии од вредност, а во согласност со Законот, членката е должна:

- да ги извести Комисијата за хартии од вредност, овластениот депозитар за хартии од вредност каде е членка и Берзата во рок од 24 часа од моментот кога ќе стане свесна за своите финансиски проблеми, и
- да прекине да тргува со хартии од вредност.

**Обврски на членката за изработка на**
**интерни правила за работење и контрола**
**(Контролни Процедури)**

**Член 16**

1) Членката е должна да изработи интерни правила за работење и контрола на своите вработени со кои ќе се обезбеди дека нејзините директори и вработени лица ќе работат согласно прописите од областа на хартиите од вредност и актите на Берзата.

2) Членката треба да обезбеди нејзините вработени да бидат соодветно обучени, да ги имаат потребните квалификации и да подлежат на интерна контрола од страна на лицето одговорно за следење и почитување на законите и другите правни прописи, правилата на Берзата и актите на членката.

3) Овластен брокер вработен кај членката или друго лице што не е брокер со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот нема право да склучува трансакции во име на членката преку БЕСТ системот. Членката на Берзата одговара за било какво прекршување на ова правило.

4) Членката е должна внимателно да врши надзор над работењето на своите вработени како и сите други лица (полномошници, застапници, прокуристи) кои работат во име и за сметка на членката.

5) Членката е должна на неовластени лица да им оневозможи пристап и користење на БЕСТ системот. Членката одговара и за сите трансакции во тргувањето со хартии од вредност реализирани во БЕСТ системот од страна на неовластени лица во име на членката.

6) Вработените во членката на Берзата не може да тргуваат со хартии од вредност во свое име и за своја сметка преку друга членка на Берзата.

**Обврски за плаќање надоместоци**
**Член 17**

(1) Членката е должна да ги плаќа сите надоместоци утврдени со актите на Берзата.
(2) Одборот на директори ги определува времето и начинот на плаќање на надоместоците.
(3) Членките мораат да ги почитуваат барањата, инструкциите или упатствата на Берзата поврзани со плаќањето на надоместоците, вклучувајќи го плаќањето на камата за задоцнето плаќање.

**Посебни обврски на директори на членка на Берзата**
**Член 18**

Секој директор на членка одговара заедно со членката за секое прекршување, непридржување и непочитување на актите на Берзата, направени или предизвикани свесно или поради негрижа на директорот.

## 6. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО ВО БЕРЗАТА

**Престанок на членство**
**Член 19**

1) Членката го губи статусот членка на Берзата, привремено или трајно, заради следните причини:

- повлекување на одлука за прием во членство;
- мирување на членство;
- доброволно истапување;
- исклучување од членство;
- одземање на дозволата за работа од Комисијата за хартии од вредност, согласно Законот за хартии од вредност;
- стечај на членката согласно Законот за хартии од вредност;
- престанок на постоење на членката (ликвидација), согласно Законот за хартии од вредност;
- во други случаи пропишани со Законот и со актите на Берзата.

**Повлекување на одлука за прием во членство**
**Член 20**

Одборот на директори на Берзата има право да ја повлече одлуката за прием во членство, доколку членката на Берзата не ги изврши сите потребни дејствија наведени во член 6 став 1 од овие правила во рок од 30 дена од денот на приемот во членство.

**Мирување на членство**
**Член 21**

1) Членката може да побара од Одборот на директори на Берзата нејзиното членство во Берзата да биде во мирување, при што периодот на мирување не може да биде подолг од една година.

2) За да мирува членството во Берзата, членката е должна да ги подмири сите свои финансиски обврски спрема Берзата и другите членки на Берзата, да обезбеди сите нејзини клиенти за кои врши услуги во врска со хартии од вредност да бидат во најкус можен рок запознаени со нејзиниот иден статус и да им овозможи соодветно регулирање на односите на клиентите со членката во согласност со барањата на клиентот.

3) За време на мирувањето, членката нема право во своето работење да истакнува дека е членка на Берзата и е должна да ги плаќа надоместоците согласно Тарифникот на Берзата.

**Доброволно истапување од членството**
**Член 22**

1) Членката што сака доброволно да истапи од членство на Берзата, на Одборот му доставува најава за истапување од членството 30 дена пред формалното истапување.

2) За да доброволно истапи од членство, членката треба да ги подмири сите свои финансиски обврски спрема Берзата и другите членки на Берзата, да обезбеди сите нејзини клиенти за кои врши услуги во врска со хартии од вредност да бидат во најкус можен рок запознаени со нејзиниот иден статус и да им овозможи соодветно регулирање на односите на клиентите со членката во согласност со барањата на клиентот.

**Привремено исклучување од членство на Берзата**
**Член 23**

1) Одборот на директори на Берзата може привремено да ја исклучи членката од членство во Берзата со донесување дисциплинска мерка, во случај на констатирана повреда на актите на Берзата спроведена во согласност со постапка уредена со Правилата за однесување и дисциплина.

2) Главниот извршен директор привремено ја исклучува членката од членство на Берзата доколку членката не исполнува некој од континуираните услови за членство

пропишани со член 10, став 1, алинеа 1, 4 и 5 од овие Правила, се до исполнувањето на тој услов/тие услови.

3) Главниот извршен директор привремено ја исклучува членката од членство на Берзата доколку членката не ги подмири обврските кон Берзата најдоцна во рок од 7 (седум) дена по истекот на рокот предвиден за плаќање на доставената фактура, сѐ до исполнувањето на обврските.

4) Доколку членката не исполнува некој од континуираните услови за членство во Берзата пропишани со член 10, став 1, алинеи 2, 3, 6, 7 , 8 , 9, 10 и 11 од овие Правила, Главниот извршен директор започнува дисциплинска постапка во рок од 3 работни дена од денот кога сознал за неисполнувањето на некој од континуираните услови за членство.

5) Берзата ја известува Комисијата за хартии од вредност и јавноста за привременото исклучување на членка од членство на Берзата.

6) Членката која е привремено исклучена од членство е должна: да ги регулира финансиските обврски спрема Берзата, да обезбеди сите нејзини клиенти за кои врши услуги во врска со хартии од вредност да бидат во најкус можен рок запознаени со нејзиниот статус и да им овозможи соодветно регулирање на односите на клиентите со членката во согласност со барањата на клиентот.

7) Со привременото исклучување од членство, членката привремено ги губи правата од членството, додека правата на другите членки и правата на Берзата кон таа членка кои се стекнати пред нејзиното исклучување, остануваат во сила.

**Трајно исклучување од членство на Берзата**
**Член 24**

1) Одборот на директори на Берзата може трајно да ја исклучи членката од членство, во постапка утврдена со Правилата за однесување и дисциплина, во следниве случаи:
- ако членката е примена во членство на Берзата врз основа на невистинити податоци;
- ако членката во подолг временски период не ги исполнува континуираните услови за членство пропишани со овие Правила;
- ако членката грубо и/или повеќекратно ги крши актите на Берзата;
- ако постојат основани околности дека со тоа се заштитуваат интересите на инвеститорите.

2) Со трајното исклучување од членство, членката го губи статусот и правата на членка на Берзата, додека правата на другите членки кон таа членка кои се стекнати пред нејзиното исклучување, како и правата на Берзата по однос на нерегулираните финансиски обврски на членктата, остануваат во сила.

3) Берзата ја известува Комисијата за хартии од вредност, другите членки на Берзата и јавноста за трајното исклучување на членка од членство на Берзата.

4) Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност кој бил исклучен од членство на Берзата може повторно да достави барање за прием во членство по истекот на една година од денот на конечноста на одлуката за исклучување од членство.

5) Членката која е трајно исклучена од членство е должна: да ги регулира финансиските обврски спрема Берзата, да обезбеди сите нејзини клиенти за кои врши услуги во врска со хартии од вредност да бидат во најкус можен рок запознаени со нејзиниот статус и да им овозможи соодветно регулирање на односите на клиентите со членката во согласност со барањата на клиентот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 25

Овој пречистен текст на Правилата за членство започнува да се применува од денот на донесување на Одлуката за имплементација на забелешките од Комисијата за хартии од вредност согласно Решението бр.08-2028/2 од 09.09.2008 година во текстот на Правилата за членство на Македонска берза АД Скопје.

Со започнување на примена на пречистениот текст на Правилата за членство од став 1 на овој член, престанува да важи пречистениот текст Правилата за членство на Македонската берза АД Скопје бр.09-370/2 од 19.02.2007 година.

### Член 26

1) Сите членки на Берзата се должни до Берзата да достават изјава од органот на управување за брокерската куќа, а за овластена банка изјава од работоводниот орган на банката дека ги прифаќаат овие Правила, во периодот од добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност до денот на отпочнување на примената на овие Правила, утврден во член 25 од овие Правила.
2) Членките што во рокот од став 1 на овој член нема да достават до Берзата изјава од органот на управување на членката дека ги прифаќаат овие правила, ќе бидат времено исклучени од членство до доставување на изјавата.

### Член 27

1) Овластените брокери што во моментот на отпочнување на примена на овие правила имаат активни кориснички лозинки и шифри за тргување на берзанскиот електронски систем за тргување врз основа на претходно положен испит на Берзата, стекнуваат право да настапуваат како брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот.

2) Лицата од став 1 на овој член се должни до Берзата да достават изјава дека се запознаени со актите на Берзата, дека истите ги прифаќаат и дека ќе ги почитуваат, во периодот од добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност до денот на отпочнување на примената на овие Правила, утврден во член 25 од овие Правила.
3) По исклучок од став 1 на овој член, лицата што нема да постапат во согласност со став 2 на овој член нема да се стекнат со право да настапуваат како брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, со што ќе им се укине правото на пристап во БЕСТ системот до доставување на изјавата.

**Член 28**

(1) Во рок од 7 дена од денот на отпочување на примената на овие правила, членките на Берзата се должни до Берзата да достават податоци за лицето одговорно за следење и почитување на законите, другите правни прописи, правилата на Берза та и актите на членката.

(2) Членките што во рокот од став 1 на овој член нема да достават до Берзата податоци за лицето одговорно за следење и почитување на законите, другите правни прописи, правилата на Берзата и актите на членката, ќе бидат времено исклучени од членство до доставување на податоците.

**Член 29**

Со денот на отпочнувањето на примената на овие правила членките на Берзата не смеат да примаат налози за тргување со хартии од вредност по склучени договори за деловно техничка соработка со други правни лица.

**Член 30**

Членката на Берзата е должна, по потреба, да ги усогласи своите акти со актите на Берзата во рок од деведесет (90) дена од денот на отпочнувањето на примената на овие правила.

**Одбор на директори**

**Претседател**

Лидија Трајковиќ

**Прилог број 1**

## БАРАЊЕ ЗА ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО НА БЕРЗАТА

1. **Назив на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност:** ________________________________

2. **Краток назив:** ________________________________

3. **Седиште на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност:** ________________________________

4. **Телефонски број/факс:** ________________________________

5. **Упис во Трговскиот Регистар:** ________________________________

6. **Дозвола од КХВ за работење на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност:** ________________________________

7. **Согласност од КХВ за именување Директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност:** ________________________________

8. **Членка на Депозитар:**
   - **назив на Депозитарот** ________________________________
   - **датум на прием во членство** ________________________________

9. **Број на вработени -овластени бокери:** ________________________________

**10. Вкупен број на вработени:** ______________________________

**11. Податоци за основната главнина на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност:** ______________________________

**12. Број на издадени акции:** ______________________________

**13. Номинална вредност на акција:** ______________________________

**14. Видови услуги со хартии од вредност:** ______________________________

**15. Сопственици/основачи:** ______________________________

**16. Орган на управување:** ______________________________

**17. Претседател на орган на управување:** ______________________________

**18. Директор на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност:** ______________________________

**19. Доставена документација во прилог кон барањето:**